Ана Костовска е магистер по менаџмент на човечки ресурси и организациски психолог со повеќе од 17 години професионално искуство во дизајн на системи за управување со луѓе, процеси, организациски развој и поддршка на здраво лидерство во организациите. Работела како менаџер за човечки ресурси, консултант и обучувач. Применувајќи ја психологијата и целокупната наука за менаџмент во реални организациски услови, придонела кон изградба на функционални системи, здрави работни средини и поддршка на менталното здравје и добросостојбата на вработените.

За својот пристап во работата и постигнатите резултати, таа е добитник на наградата „ЧР менаџер на годината“ од страна на Македонската асоцијација за човечки ресурси (МАЧР).

Развива и спроведува програми за развој на луѓе и организации и е активна во зајакнување на професионалната улога на психологијата во општеството.

Од јануари 2023 година Костовска е основач и управител на Центар за системски развој - ЦСР СОНИК, со визија за просперитетно општество во кое и луѓето и организациите го остваруваат својот потенцијал. Од септември 2025 година е член на Управниот одбор на Комората на психолози на Република Северна Македонија.